**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Гевгелија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Петар Јанчев, заменик-координатор за ЕМЖМ во Општина Гевгелија |
| **Период на известување** | 2023 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 6 март 2024 година |

**Дата,**

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
Андон Сарамандов, градоначалник на општина Гевгелија

**Потпис:**
с.р.

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

- На 7 декември 2023 година, во Народниот театар- Гевгелија, премиерно беше прикажан документарниот филм за семејно насилство врз жени „Не биди моја приказна- Охрабри се!“, во продукција на Општина Гевгелија. Во филмот, учествуваат: жена- жртва на семејно насилство од Гевгелија, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија, психолог вработен во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, адвокат и членовите на Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија. Режијата е на Катица Џишева Дупарова, а организацијата на Петар Јанчев. Камерман и монтажер е Васко Трајков. Документарецот се реализираше во соработка со Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Гевгелија, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, Адвокатската комора и Драмската секција за деца при ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија, ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија и Телевизија НОВА. Заради целта- да се допре до сите возрасни категории- да се препознае семејното насилство, каде да се пријави и зошто е важно да се пријави, но и да се намали оваа негативна појава преку вистински наратив и излагања на стручни лица кои се надлежни за постапување во случај на насилство, филмот ќе се прикажува и помеѓу учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија и вишите одделенија во основните училишта „Владо Кантарџиев“ и „Крсте Мисирков“- Гевгелија. Според податоците добиени од ЈУМЦСР- Гевгелија по емитувањето на филмот, пристигнале 7 пријави за семејно насилство и тоа од жени.

- На ѕид од зграда во централното градско подрачје, во втората половина на декември, е насликан мурал на тема „Семејно насилство“ во рамки на Програмата за еднакви можности на жените и мажите. За изработка на муралот, Општина Гевгелија склучи договор за вршење услуги со гевгелискиот ликовен уметник, Миле Ничевски. Целта на муралот е да ја поттикне свеста кај граѓаните за семејното насилство, да се намали и искорени неговата појава, како и да се препознае насилтството како форма и да се пријави до соодветните служби за постапување.

- Општина Гевгелија, во соработка со Ехо- Штип, формираше мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство. За таа цел, Ехо од Штип достави барање за номинација на членови од: Општина Гевгелија, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, ОВР- ПС ОН Гевгелија, Основен суд Гевгелија и Јавно обвинителство- Гевгелија. По добиените номинации за конституирање на МТЗ, за членови се именувани: Љубица Карајанова и Петар Јанчев од Општина Гевгелија, Сашка Карајанова од ЈУМЦСР- Гевгелија и Розита Андонова од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија. Имено, МТЗ од Општина Гевгелија учествуваше на третиот квартален состанок во Штип, којшто се одржа на 3 октомври 2023 година. На состанокот, членовите на МТЗ и стручните соработници од различните општини, кои ЕХО ги координира (Штип, Прилеп, Струмица и Гевгелија), имаа можност заеднички да разговараат и разменат искуства за актуелните теми со насилството врз жените и да направат проценка за функционирањето на механизмите за заштита на национално и на локално ниво. Исто така, МТЗ на Оштина Гевгелија учествуваше и на последниот

| | 
|---|
| квартален состанок за 2023 година, којшто се одржа во Охрид, од 8 до 9 декември, надграден со дводневна работилница за вмрежување на мултисекторските тимови и стручните соработници за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство, кои ги координира ЕХО. Учесниците – претставници од сите мултисекторски тимови на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство, како и стручни соработници од општините Штип, Прилеп, Струмица и Гевгелија имаа можност за меѓусебно запознавање и вмрежување, истовремено стекнувајќи знаења и вештини за градење и развој на мрежи, тимска работа и ефикасна комуникација. Работилницата имаше за цел јакнење на довербата помеѓу претставниците на МТЗ и стручните соработници од различните општини, што е неопходен предуслов за ефикасна меѓусебна координација која води кон унапредување на ефикасноста во заштитата на жените и девојките изложени на насилство во општините и регионите каде делуваат овие тимови. Работилниците се дел од серијата работилници и обуки наменети за јакнење на капацитетите на Мултисекторските тимови на заедниците за ефикасна заштита од насилство врз жени и семејно насилство, како и стручните соработници на ЕХО, во рамки на Проектот: „Сите заедно во градење на заедници без родовобазирано насилство“ поддржани од Шведска и Фондацијата Kvinna till Kvinna. Имено, во 2023 година, во ЈУМЦСР- Гевгелија пристигнале 33 поплаки за семејно насилство и тоа од 27 жени, 4 мажи и 2 малолетни девојчиња. Процесирани се 20 случаи, односно против 20 сторители на семејно насилство- мажи се изречени привремени мерки за заштита на жртвите.<br><br>- На 30 октомври и 5 декември 2023 година, во Општина Гевгелија, се одржаа две работилници на тема: „Јакнење на капацитетите на општинската администрација за спроведување процеси за креирање еднакви политики за жените и мажите“. Имено, на двете работилници, општинската администрација во Општина Гевгелија со Лилјана Јоноски - консултант дискутираа за основните принципи за инклузивно и еднакво буџетирање на жените и мажите, алатките за проверка на програмите и буџетите дали ја вклучуваат перспективата на еднакво буџетирање на жените и мажите, видовите политики, програми и буџети и идентификуваа пристап за вклучување на аспектите на одговорно буџетирање преку практична работа. При што, утврдија и основни чекори и мерки што ќе ги содржи Методологијата за РОБ на Општина Гевгелија.<br><br>- Општина Гевгелија заедно со РЦОР- Гевгелија спроведе теренски и онлајн-прашалник наменет за граѓаните на општина Гевгелија во насока утврдување приоритети и потреби на жените и мажите за креирање мерки и активности коишто ќе воспостават еднакви можности. Имено, преку онлајн-прашалникот беа анкетирани 85 граѓани, од кои 72 жени и 13 мажи, додека со теренски прашалник беа опфатени 59 испитаника, од кои 53 жени и 6 мажи.<br><br>- Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Гевгелија ја спроведе првата активност во рамки на 16-дневниот активизам за борба против насилство врз жените.<br>На Градскиот плоштад, на различни возрасни групи жени и мажи, и девојки и момци им беа поделени информативно-едукативни картички со цел подигање на свеста, препознавање и пријавување на родово базирано насилство. |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br><br>- Препознавање насилството врз жени и семејното насилство и различните форми на насилство врз жени и семејно насилство;<br>- Пријавување насилство во надлежните институции;<br>- Координирана и интегрирана соработка за постапување на надлежните институции во |

случаи на насилство врз жени и семејно насилство;
- Подготвена Методологија за креирање родово одговорни политики и програми

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

| Активност 1 | вк. број учесници | М | Ж | издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост) |
|---|---|---|---|---|
| Снимање краток филм со информативно-едукативна содржина за семејно насилство врз жени | 29 | 8 | 21 | 25.000 денари |
| | стручна подготовка | М | Ж | |
| | 3 | 2 | 1 | |

| Индикатори | | | |
|---|---|---|---|
| % на гледаност- премиера | Вкупно | М | Ж |
| | 120 | 15 | 105 |
| % на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојчиња | 7 | 0 | 7 |

| Активност 2 | ангажман | издвоени средства (Буџетска програма – Х1 Родова еднаквост) |
|---|---|---|
| Изработка на мурал на зграда | ликовен уметник, Миле Ничевски | 20.000 ден. |
| Индикатори | вкупно | |
| % на новопријавени случаи на насилство врз жени и девојки | 7 жени | |

| Активност 3 | индикатори | | | донациски средства од ЕХО- Штип |
|---|---|---|---|---|
| | вк. бр. членови | М | Ж | |
| Формирање Мултисекторски тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство | 4 | 1 | 3 | 100.000 денари |
| | бр. на вклучени институции | | вк. | |
| | | | 3 | |
| | бр. на процесирани случаи на насилство врз жени и девојки | | вк. | |
| | | | 20 од 33 | |

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| Активност 4 | индикатори | | | издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост) |
|---|---|---|---|---|
| | вк. бр. учесници | М | Ж | |
| Две Работилници за подготовка на Методологија за подготовка на родово одговорни политики/ програми | 12 | 5 | 7 | 30.000 денари |
| | подготвена Методологија | | | |

| Активност 5 | издвоени средства (Буџетска програма – X1 Родова еднаквост) |
|---|---|
| Реализација на онлајн или теренски анкетен прашалник и за утврдување на проблеми /ризици / потреби и прибирање идеи и иницијативи | 15.000 денари |

| индикатори | | | |
|---|---|---|---|
| вк. бр. испитаници | 144 | М | Ж |
| | | 19 | 125 |
| локални институции | 4 | 4 | 0 |
| НВО-сектор | 5 | 2 | 3 |

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-EMZM-23.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС (согласно член 11 од ЗЕМ):**

**-** Именувани координатор и заменик-координатор за ЕМЗМ со Решение бр. 08-2045/1 пд 22.12.2023 година;

- 4 родово-сензитивни буџетски програми: Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, Програма за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на култура од значење на општина Гевгелија, Програма за финансирање спортски активности во општина Гевгелија и Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија;

https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_EMZM_23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_kultura_2023.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_sport_2023.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_EMZM_23.pdf

- Подготовка на 4 извештаи за реализација на буџетските програми за 2023 г. со родово-разделена статистика, во надлежност на Одд. за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-soc.-zastita-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-kultura-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-za-sport-23.pdfhttps://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-LMS-23.pdf

- Инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во 5 буџетски програми за 2024 година: Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита, Програма за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на култура од значење на општина Гевгелија, Програма за финансирање спортски активности во општина Гевгелија и Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-EMZM-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-soc.-zastita-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-kultura-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-sport24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-mladi-24.pdf

- Доставен Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите во 2022 година до МТСП. Објавен е на веб-страната на Општина Гевгелија.
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Godisen_izvestaj_za_sostojba_so_EMZM_za_22.pdf

- Доставен Извештај за реализирани активности на Општина Гевгелија во периодот 2022 – 2023 година согласно Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година. Објавен е на веб-страната на Општина Гевгелија.
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-Strategija-EMZM-23-1.pdf

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- унапредени капацитетите за РОБ; потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво; еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата; воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки; препознавање и пријавување на насилството; нулта толеранција за насилство; еднаков пристап до финансиска поддршка од Општина Гевгелија; унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство; зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања; поддршка и промоција на женското претприемништво на локално ниво; статистичко следење за претприемничката активност на жените, за да се добие вистинската слика за женското претприемништво.

- зголемен наталитет во општина Гевгелија; подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите од ранливи категории, жители на општина Гевгелија; еднакви можности на сите деца; поттикнување на младите да се запишуваат на факултети кои се со дефицит на студенти; подобрување на вербалната комуникација кај деца, отстранување на говорните оштетувања кај децата; вклучување на невработени лица на пазарот на трудот.

- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;  систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво; редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители; мерливи индикатори за следење на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите во областа на културата; зголемена застапеност на жените во органите на одлучување, поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во културните активности и манифестации; развој на сите видови уметност на подрачјето на општина Гевгелија; развој на културниот туризам; унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и културните субјекти; континуирана финансиска и логистичка поддршка на културни манифестации со цел да прераснат во традиционални.

- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво; систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво; редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители; родова застапеност во рекреативни и професионални спортски активности; зголемена финансиска поддршка на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки; развој на масовниот спорт и рекреативните активности; поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во спортските активности и манифестации; развој на сите видови спорт на подрачјето на општина Гевгелија; развој на спортскиот туризам; квалификации на спортските клубови во лигите;  унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и спортските субјекти; континуирана финансиска и логистичка поддршка на спортски манифестации со цел да прераснат во традиционални.

- обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество: институциите, организациите и младите (девојки и момци, жени и мажи) имаат редовни, континуирани и заеднички активности во согласност со интересите на младите девојки и момци, жени и мажи; достапност и транспарентност на информации од интерес на младите девојки и момци, жени и мажи за остварување на нивните потреби; воспоставен  систем за младинско информирање на локално и на национално ниво со механизми за одржлив развој (зајакнати капацитети, зголемен калвитет и квантитет); младите девојки и момци и жени и мажи како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста; промоција на долгорочен и меѓусекторски пристап во политиките за помош за вработување на млади девојки и момци, жени и мажи; унапреден и одржлив систем на креативни и културни практики кај младите девојки и момци, жени и мажи; подобрен квалитет на културно-забавниот живот на младите девојки и момци, жени и мажи; младите девојки и момци, жени и мажи се вклучени во креирање и спроведување на културните политики; креативни годишни активности кои се наменети за млади девојки и момци, жени и мажи  за редовно поттикнување за учество во спортот; зголемен процент на млади девојки и момци и жени и мажи вклучени во креирање и спроведување на политики за развој на спортот; подобрен квалитет на спортскиот живот на младите девојки и момци, жени и мажи; активен придонес на младите девојки и момци, жени и мажи во зачувувањето на животната средина.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

- Индикаторите за следење на успешноста на активностите во Програмата на Општина Гевгелија во областа на ЕМЗМ се наведени во одговорот на прашањето 2.4.

- родова застапеност во органите на јавните институции и граѓански организации;  број

на вклучени уметници и уметнички во програмските активности на корисниците на буџетски средства; број на вклучени женски и машки лица со попреченост во културните активности; родово-разделена статистика за посетеност на настаните.

- број на поддржани машки и женски спортски клубови; број на спортисти и спортистки-аматери по пол и возраст; број на ученици и ученички вклучени во активностите на училишните спортски клубови; број на жени и мажи во органите на спортските клубови и здруженија; број на женски и машки лица со попреченост во спортските здруженија со попреченост; -родово-разделена статистика за посетеност на настаните.

- вклученост на девојки и момци, жени и мажи во креирањето на младинските политики на локално ниво; вклученост на девојчињата и момчињата, мажи и жени во реализацијата на младинските политики; еднаков пристап на девојки и момци, жени и мажи до информациите од нивна корист (јавни повици, конкурси, настани, обуки); број на девојки и момци, жени и мажи во подготовката и усвојување на Стратегијата за млади на Општина Гевгелија; број на девојци и момци, жени и мажи кои ја посетиле канцеларијата на Локалниот младински совет и побарале информации од интерес на младите во делокругот на неговите надлежности и надлежностите на Општина Гевгелија; број на девојки и момци, жени и мажи членови во граѓански организации; број на девојки и момци, жени и мажи со попреченост на возраст од 15 до 29 години; -процент на девојки и момци, жени и мажи кои ќе посетуваат обуки; број на девојки / момчиња, жени и мажи изведувачи, изложувачи, актери.

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-soc.-zastita-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-kultura-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-za-sport-23.pdfhttps://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-LMS-23.pdf

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да, со: UN Women Скопје, ЕХО- Едукативно-хуманитарна организација од Штип, Рурална коалиција- Кичево, Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Да.
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-Strategija-EMZM-23-1.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/01/spisok-vraboteni-30-11-2023.pdf

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци**

**разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-EMZM-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-soc.-zastita-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-kultura-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-za-sport-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-LMS-23.pdf

**2.12. Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**

Не. Предвиден е за подготовка преку Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2024година.

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**
**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**
**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**
**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**
**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината, а колку од донации?**

150.000 од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година и 100.000 денари, донации од ЕХО.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**
Не.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

**Дали тој во обуките се јавил/а како:**
**А) слушател/слушателка**

- Обука за родова анализа и креирање локални програми, во организација на UN Women Скопје (12-14 јули 2023 г.);
- Обука за родови индикатори во локални програми и мерење резултати, во организација на UN Women Скопје (13-15 септември 2023 г.);
- Работилница на тема во организација на Општина Гевгелија: Јакнење на капацитетите на општинската администрација за спроведување на процеси за креирање на родово одговорни политики и подготовка на Методологија за родовоодговорно буџетирање (30 октомври и 5 декември 2023);
- Работилница за дискриминација и родово-базирано насилство, во организација на ЗГ „Поддршка“- Гевгелија, во рамки на ReLOaD 2 Програмата (1.12.2023)

**Б) обучувач/обучувачка**

/

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

- Обука за родови индикатори и мерење на резултати, во организација на UN Women (1-3 јуни 2022 г.);
- Обука за мониторинг на програми од родова перспектива, во организација на UN Women (21 - 23 септември 2022 г.);
- Обука за креирање на родово-сензитивни локални програми, во организација на UN Women (19 - 21 октомври 2022 г.);
- Обука на тема „Превенција и заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, организирана од ЗЕЛС (15 ноември 2022 г.);
- Обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип (13.12.2022 г.);
- Улогата на граѓанскиот сектор во воведување родово-сензитивни процедури и практики при подготовка на општинските програми“ во рамки на проектот: „Женски леќи“, чиј имплементатор е Рурална коалиција- Кичево, а во организација на подгрантистот РЦОР- Гевгелија (17 февруари 2023 г.);
- Правна сесија во Општина Гевгелија на тема: „Како до бесплатна правна помош во случаи на семејно насилство и насилство врз жени“ во рамки на Проектот: „Зајакнување на правните услуги за жени и девојки изложени на насилство во Југоисточниот и Пелагонискиот Регион“, којшто го имплементира ЕХО- Штип, финансиран од Европската Унија и Шведска (24 април 2023 г.).

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

По завршување на обуките, на вработените им се пренесуваат информации за стекнатото знаење на колегиуми.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

- Буџетски програми за 2023 година: Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, Програма за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на култура од значење на општина Гевгелија, Програма за финансирање спортски активности во општина Гевгелија и Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија;
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_EMZM_23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-soc.-zastita-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-kultura-23.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-za-sport-23.pdfhttps://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Izvestaj-LMS-23.pdf

- Буџетски програми за 2024 година: Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите, Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита, Програма за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на култура од значење на општина Гевгелија, Програма за финансирање спортски активности во општина Гевгелија и

Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-mladi-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-soc.-zastita-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-kultura-24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-sport24.pdf
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-za-mladi-24.pdf

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Сите иницијативи се усвоени и 80% реализирани.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

- Скромен буџет за реализација на активности од Програмата во областа на ЕМЗМ за 2023 година;
- Измена и дополнување на Програмата за активностите на ОГ во областа на ЕМЗМ за 2023 година (замена на терминологијата род со пол).

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

- Зголемување на бројот на родово-сензитивни програми;
- Ангажман на жена, жртва на семејно насилство од Гевгелија за потребите на документарно- едукативниот филм за семејно насилство „Не биди моја приказна“;
- подобрување на меѓуинституционалната соработа за семејно насилство врз жени.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

/

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

- Активности во Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднакви можности за 2024 година:

Мерка 1 - ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРАКСА ИНКОРПОРИРАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЕЛС:
Подготовка на Локална стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2024 - 2027 г. и Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2024 - 2027 година;

Мерка 2- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА- ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО: Еднократна парична помош на жени и девојчиња - жртви на насилство во висина од 6.000 денари;

МЕРКА 3- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ , ПРИЈАВУВАЊЕ ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА: Дебата со ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за семејно насилство врз жени и девојчиња;

МЕРКА 4- ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО: Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство;

МЕРКА 5- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЖЕНСКОТО И МАШКОТО ЗДРАВЈЕ: Јавна трибина за Месецот на женското здравје и Јавна трибина за Месецот на женското здравје;

МЕРКА 6- ПРОМОЦИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО: Видеа- поткасти со успешни приказни на жени претприемачки од општина Гевгелија;
https://www.gevgelija.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/Programa-EMZM-24.pdf

- Обид за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите и во останатите буџетски програми на Општина Гевгелија.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за ЕМЖМ при Советот на Општина Гевгелија е формирана на 15.11.2021 годинасо Решение за имененување на членовите бр. 09-1699/1, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 12/21).

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

| | |
|---|---|
| **а) Пол** | 1 Ж – 4 М |
| **б) Образование** | 3 М со ВСС, 1 Ж и 1 М со ССС |
| **в) Етничка припадност** | Македонци |
| **г) Припадност на политичка партија** | 1 Ж- СДСМ и 4 М- ВМРО |

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС** ДА.

**б) во донесување на буџет на ЕЛС** ДА.

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС** НЕ.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Нема доставено.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Нема. Програмата за ЕМЖМ е на Општина Гевгелија.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за ЕМЖМ при Советот на Општина Гевгелија има одржано 15 официјални седници. Не се водат записници од одржаните Комисии на Советот на Општина Гевгелија.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- ревизија за работењето на ЕЛС во областа на ЕМЖМ.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

- обуки за општинската администрација за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост.

бр. 14-408/1
06.03.2024 г.
Гевгелија